Предлог

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр.1/26) по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден _.10.2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година

Член 1

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.16/25, 18/25 и 6/26), во Главата „VIII. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата“, во табелата, реден број 2, колона „Буџет на Општина Велес“ износот „500.000,00“ се заменува со износот „135.000,00“.

2. Во реден број 3, колона „Буџет на Општина Велес“ износот „500.000,00“ се заменува со износот „562.000,00“.

3. Во реден број 4, колона „Буџет на Општина Велес“ износот „7.000.000,00“ се заменува со износот „7.430.000,00“.

4. Во реден број 5, колона „Буџет на Општина Велес“ износот „500.000,00“ се заменува со износот „454.830,00“.

5. Во реден број 7, колона „Буџет на Општина Велес“ износот „50.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

6. Во редот „Вкупно“, колона „Буџет на Општина Велес“ износот „9.931.760,00“ се заменува со износот „9.963.590,00 “.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Со предложената Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година се врши изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.16/25, 18/25 и 6/26). Односно, се врши внатрешна прераспределба на финансиските средства во рамките на самата Програма, со цел да се обезбеди оптимално и ефикасно трошење на буџетските средства во согласност со динамиката на најзината реализација.

При анализата на реализацијата на Програмата се утврди дека кај одредени активности се појавуваат неискористени средства (вишок), додека кај други активност се потребни дополнителни финансиски средства за нивно успешно завршување. Со овие измени, вкупната финансиска рамка на Програмата се зголемува за износ од 31.830,00 денери, средства кои се обезбедени од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина.

Внатрешното префрлање на средства помеѓу точките во Главата „VIII. Табеларен приказ на активности и финансиски средства", се врши на следниот начин:

- во точката со реден број 2, за активност „Локален фонд за поддршка на мали бизниси, стари занаети и ракотворци", се врши намалување на планираните финансиски средства од причина што по спроведената постапка по објавениот Јавен повик за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес за 2026 година, од планираните 500.000,00 денари потрошени се 135.000,00 денари. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 500.000,00 сега се заменуваат со износот 135.000,00.

- во точката со реден број 5, за активност „Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори", се врши намалување на планираните финансиски средства од причина што по спроведената постапка по објавениот Јавен повик за субвенционирање на физички лица за купен сончев термален колектор за 2026 година, од планираните 500.000,00 денари потрошени се 454.830,00 денари. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 500.000,00 сега се заменуваат со износот 454.830,00.

- во точката со реден број 7, за активност „Европска недела на мобилност", се врши намалување на планираните финансиски средства од причина што за спроведувањето на планираните активности од оваа точка нема преземени финасиски обврски, односно сите активности се реализираа со донации. Од оваа причина, претходно планираните средства во оваа точка, во износ од 50.000,00 се заменува со износот 0,00.

Ослободените средства од горенаведените точки со реден број 2, 5 и 7 од Програмата, во износ од 460.170,00 денари, како и средства обезбедени од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на животната средина, во износ од 31.830,00 денари, се распределуваат на следниот начин:

-во точката со реден број 3, за активност „Поддршка и промоција на локален туризам", износот од „500.000,00" се заменува со износот „562.000,00" и

-во точката со реден број 4, за активност „Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита ивино – Питијада", износот од „7.000.000,00" се заменува со износот „7.430.000,00".

Ова зголемување е неопходно за покривање на непредвидени и зголемени реални трошоци поврзани со извршувањето на овие активности.